## Јон АРГИНТЕАНУ, ИСТОРИЈА НА АРМН МАКЕДОНЦИТЕ (ВЛАСИТЕ), Лига на Власите во Република Македонија и Друштво на Власите „Санта Ѕурѕу“ од Штип, Скопје, 1998, 199

Во 1904 година во Букурешт – Романија, беше објавен трудот „Историја на Армн Македонците (Власи-те“) – на романски јазик (ISTORIA ROMÂNILOR MACEDONENI) – вредно и значајно дело чиј автор е Јон Аргинтеану. Кај нас делото го преведе и изврши редакција професорот по историја во пензија Тодор Трајановски. Јон Аргинтеану по потекло е од прилепскиот крај. Авто-рот преку една систематска и делотворна работа создаде труд што создава можност за запознавање на сите заинтересирани со историското минато на влашкиот народ во Македонија. Инаку авторот Јон Аргинтеану при изработката на својата научна студија „Историја на Армн Македонците (Власите)“, користел разновидни и одбрани извори и литература од француска, германска, англиска и грчка провиниенција што дотогаш била публикувана како и од другите балкански земји која се однесувал на оваа проблематика.

Македонската наука со објавувањето на делото на Јон Аргинтеану, добива едно значајно дело, преку кое на читателите во Македонија ќе им се овозможи да ја запознаат историјата на еден автохтон народ чие потекло е токму од овој природно-географски простор и чие делување во сите историски текови на сите балкански народи е забележително.

Важно е да се спомне дека делото на Јон Аргинтеану „Историја на Армн Македонците (Власите)“ се појавува во екот на разгорувањето на пропагандните активности на балканските држави, во чии стремежи стоела, токму македонската земја – нејзината територија и според тоа дадените активности на националните пропаганди на соседните држави имале свое влијание врз развојот на армн македонскиот народ во тоа време и тој простор.

Во споменатото дело на Јон Аргинтеану се чувствува влијанието на романската наука во врска со одделни ставови во армнмакедонското прашање. Треба да се истакне дека основната теза што ја застапува авторот се заснова врз единството на етногенетското потекло на Дакороманите со Македонороманите, односно со Армн Македонците. Според него, Армн Македонците, во основа, се доселеници од Дакија, кои со преселбата на Јужните Словени на овие балкански простори биле приморани да ја напуштат својата прататковина – Дакија и заедно со нив да ги населат Македонија, Тесалија, Епир, Бугарија, засилувајќи го со тоа, дотогашниот романски елемент на овие простори. Наспроти ваквото становиште, присутна е тезата за автохтоноста на Армн Македонците во Македонија.

По прашањето за потеклото на Армн Македонците, преовладува мислењето, според кое, тие се потомци на старите балкански племиња (Тракијци, Илири). Други, пак, мислат дека тие се директни потомци на римските колони. Во предговорот на оваа книга Тодор Трајановски го искажува мислењето дека најновите археолошки и антрополошки истражувања зборуваат дека Армн Македонците (Власите) сочинуваат палео-

медитеранско-индоевропска симбиоза на тип на луѓе кои се присутни на територијата на Балканскиот Полуостров, а и надвор од него. Некои сметаат дека основата на нивниот јазик е латинскиот, но во исто време, во него се застапени и грчки, албански и словенски елементи. Постои мислење, според кое се негира романизацијата на балканските староседелци, застапувајќи поставка дека јазикот на Армн Македонците е тракоилирскиот јазик.

Во трудот на Ј. Аргинтеану е даден доволен простор за сите теории за потеклото на Армн Македонците (Власите) како и за нивната етногенеза.

Самото дело содржински е поделено на два дела. Во првиот дел има пет поглавја и тој носи наслов „Стариот свет“. Во првото поглавје Јон Аргинтеану дава генерални согледувања за позицијата на влашкиот елемент на Балканот. Во второто поглавје кое носи наслов „Словените и романскиот елемент на Балканскиот Полуостров“, се зборува за подолг историски период од животот на Власите на Балканот. Во третото поглавје посебно место е посветено на Влашкото царство од балканските планини и тоа на владеењето на браќата Петру и Асан. Во четвртото поглавје се зборува за влашкиот цар Јоница. Во последната, петта глава се зборува за п-последните влашки цареви на Хем и тоа за големиот цар Асан III и за пропаѓањето на Влашкото царство за времето на Калиман и Михаил Асан.

Во вториот дел од книгата на Ј. Аргинтеану се зборува за Армн Македонците (Власите) во Пинд. Овде авторот ги објаснува поимите Голема и Мала Влахија. Уште во XII век, Епир и Тесалија биле познати со името Влахија. Таа била поделена на два дела: Голема Влахија или Тесалија и Мала Влахија или Епирско деспотство. Во втората глава се зборува за потпаѓањето на Армн Македонците под власта на Оманлиската Империја. Во третата глава се зборува за капетаниите во Епир и Тесалија, за нивното формирање и значење. Авторот на трудот детално се осврнува на постанокот и развојот на најголемиот армнски (влашки) центар во Турција Москополе, кој доминирал со својата моќ и величина речиси еден век и половина. Исто така е обработено и прашањето за падот на Москополе во 1789 год. под налетот на албанските банди и турскиот башибозук под водството на Али-паша Јанински. Во овој дел од студијата најголемо внимание му е посветено на грчкото востание од 1821 година во кое улогата на Власите била мошне голема, а меѓу нив и на Рига од Фера кој претставувал значајна историска фигура, и дал огромен придонес во духовната подготовка на Грчкото востание од 1821 год. Тој бил вдахновен од идеите на големата француска буржоаска револуција од 1789 година. Во четвртото поглавје се зборува за животот на Армн Македонците (Власите) под власта на Османлиите. Тука најповеќе е обрнато внимание на стопанскиот живот, на црквите и училиштата, а посебно на денационализацијата на Армн Македонците. Значајната политичка улога што ја одиграле Армн Македонците (Власите) од Тесалија, Епир и Македонија може да се објасни со фактот што истите претставувале национален елемент кој се одликувал со својата надмоќност во земјите каде што престојувал. Во ова поглавје се зборува и за улогата што ја имале Армн Македонците

(Власите) во странските држави. Тука пред сè станува збор за Грција, Австро-Унгарија, Србија и Романија. Во петтото поглавје се зборува за националното прашање на Армн Македонците. Се даваат информации за почетоците на националното движење кај Армн Македонците. Исто така, се зборува за развитокот на армнската (влашката култура во Македонија. Подетален преглед за отворањето на училишта на армнски јазик во Македонија дава приредувачот на изданието на Јон Аргинтеану, Тодор Трајановски. На крајот авторот дава еден свој поглед на иднината на армнмакедонското национално прашање, имајќи ја во предвид дејноста на грчката, бугарската, романската и српската пропаганда. Не треба да се заборави дека во книгата на Јон Аргинтеану е даден богат преглед на извори и литература. Во оваа прилика посебно треба да се истакнат коментарите во однос на содржината на одделните поглавја на приредувачот и преведувачот на ова издание Тодор Трајановски. Тие на образложен начин ги коментираат настаните и улогата на некои личности во правилното толкување на прашањето за потеклото на Армн Македонците (Власите). Со тие коментари, ова дело уште повеќе добива тежина.

Кочо СИДОВСКИ

## Орде ИВАНОСКИ, ПРЕРОДБЕНСКАТА ДЕЛОТВОРНОСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА МИСЛА ВО МАКЕДОНИЈА, Социјалистичка партија на Македонија, Скопје 2000, 111

По повод двојниот јубилеј 130 години од раѓањето и 60 години од смртта на Васил Главинов, истакнатиот проучувач на македонската историја д-р Орде Иваноски го објави историографскиот труд *Преродбенската делотворност на социјалистичката мисла во Македонија*.

Оваа книга, мала по обем, а голема по значење, содржи неколку наслови со повеќе поднаслови. Исто така книгата е збогатена и со други прилози.

Во книгата д-р Орде Ивановски дава пресек на историските настани и на најважните личности, фрлајќи посебен акцент на обновувачката енергија на социјалистичката мисла во Македонија, чиј главен протагонист е Васил Главинов.

Особено место, авторот му дава на Васил Главинов кој им припаѓа на првоапостолите на македонската борбена генерација, која ја поврза класно-социјалната борба на работништвото со националната борба на целиот македонски народ во единствен револуционерен процес, заедно со првоапостолот на македонската револуционерна организација Гоце Делчев.

Идејата за формирање посебна македонска социјалистичка партија, која својата дејност ќе ја прошири и во поробена Македонија, се родила во редовите на месното општоработничко друштво „Братство“ во